**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**
УП1Бр.12-120 од 07.12.2023год.

Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1631 и други КО НИКОЛИЌ, Општина Дојран изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, со Тех.број 03-91/2023 од Април 2023година и со Проектен опфат кој ги опфаќа катастарските парцели: КП 1631; КП 1632; КП 1633/1; КП 1633/2; КП 1633/3; дел од КП 1638 и дел од КП 1760 КО НИКОЛИЌ , со Вкупна површина на проектниот опфат 4720,51м2 односно 0,47 ha,

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за урбанистички планови и инженеринг УРБАН ГИС ДОО Куманово, со бр. УП1Бр.12-32 од 14.02.2023година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број У-23/22 Февруари 2023, изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1631 и други КО НИКОЛИЌ, Општина Дојран со Проектен опфат кој ги опфаќа катастарските парцели: КП 1631; КП 1632; КП 1633/1; КП 1633/2; КП 1633/3; дел од КП 1638 и дел од КП 1760 КО НИКОЛИЌ.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број 03-91/2023 од Април 2023година изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1631 и други КО НИКОЛИЌ, Општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1631 и други КО НИКОЛИЌ, Општина Дојран изработена од ДПТУИ „ИДЕА - Консалтинг„ Дооел од Струмица, со Тех.број 03-91/2023 од Април 2023година и со Проектен опфат кој ги опфаќа катастарските парцели: КП 1631; КП 1632; КП 1633/1; КП 1633/2; КП 1633/3; дел од КП 1638 и дел од КП 1760 КО НИКОЛИЌ , со Вкупна површина на проектниот опфат 4720,51м2 односно 0,47 ha,
- Услови за планирање на просторот,
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Предлог за одобрување на проектна програма од комисијата за урбанизам,
- Имотни листови за катастарските парцели,
- Изјава за финансирање
- Одлука од Совет на општина Дојран за одобрена иницијатива
- Полномошно

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри, Истото го потврди со Предлог за одобрување со број УП1Бр.12-120 од 23.11.2023год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил: Блажо Катранџиев

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

АНГО АНГОВ